

ТОА СУМ ЈАС

РАНКО ПЕТРОВИЌ

# Јадам бурек за да го намалам холестеролот




*__Ранко Петровиќ е__ првиот човек на манифестацијата "Златна бубамара на популарноста", која ќе се одржи в четврток во Универзалната сала по 11-ти пат. Во раните деведесетти ги труеше младите со рок во младинското радио "Клуб 100". Во 1991 година го формираше Студентското радио и ги учеше студентите дека со 200 марки си спасуваат две недели читање од лошо препишани скрипти. Во 1994 година започна со радиото "Бубамара" за да ги анимира широките народни маси. Во моментов е недостапен на мобилниот телефон за да се спаси од сите оние што му бараат гратис-билети.*



РАДИО

## Пријатни звуци за светла иднина

Радиото "Бубамара", популарното скопско радио, успеа во својата идеја и ја создаде својата слушателска целна група од 400.000 невработени, 8.000 акционери, 100 богати политичари и 6.000 Македонци со бугарски пасош. Утрото во радиото ми започнува со пријатни звуци, кои ме тераат да мислам на подобро утре и на посветла иднина. Работниот ден таму ми завршува во 19,4 часот, кога почнуваме да пуштаме песни за лудиот ноќен живот. По полноќ, емитуваме пораки за секс.

ИСХРАНА

## Гозба со Маркс и со Енгелс

Редовно седам со идни идеолошки истомисленици во ресторанот "Кај Маршалот" каде што, по добрата гозба и пиењето, им подарувам книги од Маркс и од Енгелс. Така опиените гости зборуваат за синдикат и за социјална правда, а сите отстрана велат: "Пушти ги, пијаници, не знаат што зборуваат".



Мојот совет за намалување на холестеролот е: свинско и бурек!

### ХОБИ

## Барање паркинг

Најголемото хоби ми е да барам паркинг-место во Скопје и да ги гледам дивоградбите и најновите бисери од Деталниот урбанистички план. Потоа гледам билборди со најновите државни кампањи, па ја потресувам или ја успивам Берзата. Книги не читам, ама носам очила за да изгледам начитан. Сакам да патувам до Табановце, Богородица и до секоја амбасада каде што треба да се извади виза. Најмногу ги сакам прошетките на Водно, во зелениот појас на Скопје. Се чудам како не им текнало да ги исечат сите дрвја и да направиме една голема населба на сонцето и на смогот - идеја која би привлекла многу странски инвестиции.



### ОБЛЕКА

## Подалеку од костуми

Носам модели кои би сакал да ги носи секој, а да не ги оценува некој моден гуру. Никогаш не носам униформи и костуми за да не личам на политичарите.

*Подготви: М. Царовска*



